Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од обласата на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МИКРОБИОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр.64/2000), како и указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование од 1.8.2008 година за избор во наставно-стручни и соработнички звања и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, на седницата одржана на 8.12.2008 година, избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Илија Каров, редовен професор на Земјоделскиот факултет, проф. д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделскиот факултет и проф. д-р Верица Илиевска, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор на помлад асистент за наставно-научната област ***микробиологија*** на Земјоделскиот факултет. Рецензентската комисија има чест и задоволство да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник“ од 27.11.2008 година, за избор на помлад асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријавија кандидатките: Илиева Фиданка, Спасова Адријана и Тодоровска Александра.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Илиева Фиданка** е родена на 4 ноември 1971 година во Скопје. Дипломира на III степен настава за звање *магистер од областа на земјоделските науки*, група Микробиологија на почви и води, со просечен успех на положените испити 9,67.

Тема на магистерскиот труд е *„Примена на чисти култури микроорганизми во прочистувањето на отпадните води од колекторскиот систем ‘Охридско Езеро’“*. Кандидатката има познавање од англискиот јазик и работа со компјутер, поседува организациски способности и подготвеност за тимска работа.

Кандидатката **Спасова Адријана** е родена на 3 ноември 1971 година во Виница. Во 2003 година магистрира на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Биохемиско-физиолошка насока. Насловот на магистерската теза е *„Структурни лезии на жабрите на неколку видови риби од Преспанското Езеро. Споредбено-цитоморфолошка студија“*. Работно искуство: изолирање на ткива од риби, подготовка на парафински препарати и препарати од смола, микроскопска анализа на жабрено ткиво кај рибите, извршување на основните хистолошки техники (фиксација, процесирање, вкалапување, сечење и боење) и работа со апарати (Automatic tissue processer, Microtom).

Во 2001 година престојува во Холандија на обука за *ин витро* производство на растенија и контролер.

***Објавени трудови:***

1. Рогановиќ-Зафирова Д., Манасиева К., (2000): *„Хистолошка евиденција за ефектите на загадувањето кај некои видови на риби од Преспанското Езеро“*. Зборник на трудови од Меѓународен симпозиум: Одржлив развој на преспанскиот регион, 23 – 25.6.2000 г., Отешево, стр.112 – 121.

2. Рогановиќ-Зафирова Д., Спасова А. (2004): *„Жабрени лезии кај Prespa barbell (Barbus prespensis) жител на загадената област од Преспанското Езеро“.* Конференција за набљудување на водата и информациони системи за одржлив развој Balwois 25-29.5.2004 г., Охрид, стр.126.

Кандидатката **Тодорова Александра** е родена на 4 ноември 1982 година во Штип. Во 2001 година се запишува на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група Биологија, Биохемиско-физиолошка насока, а дипломира во 2007 година. Своето образование го продолжува на Институтот за земјоделски науки и храна. Во текот на студирањето се стекнува со искуства на теренска настава при вршење истражувања во водените екосистеми, со акцент на дијатомејските алги и појава на нов вид на дијатомејска алга во примероците и микробиолошките препарати подготвени за дипломската работа, како резултат на две и полгодишното истражување на дијатомејската флора во термалните извори на Катлановска Бања – Скопје.

Во септември и ноември 2008 година работи во микробиолошката лабораторија на Хигиенскиот завод во Здравствениот дом во Штип, а од 13 ноември продолжува да работи во Клиничката лабораторија во Општата болница во Штип.

Своите искуства за некои микробиолошки процеси ги стекнува при следење на технолошкиот процес за производство на компост во фабриката „Луна“ во Штип и посета на фабрики за производство на мицелиум во Будимпешта во 1999/2000 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложените податоци и конкретните потреби на Земјоделскиот факултет, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека станува збор за солидни кандидатки. Но, согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр.64/2000), како и указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование од 1.8.2008 година за избор во наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката Тодоровска Александра, дипломиран инженер по биологија, не ги исполнува условите за избор во помлад асистент. Останатите две кандидатки: Адријана Спасова, магистер на биолошки науки и Илиева Фиданка, магистер од областа на земјоделските науки - ги исполнуваат условите.

Рецензентската комисија го зема предвид усовршувањето во текот на изработката на магистерската работа на тема *„Примена на чисти култури микроорганизми во прочистувањето на отпадните води од колекторскиот систем ‘Охридско Езеро’“*, затоа што се работи за избор на помлад асистент за наставно-научната област *микробиологија.*

Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **м-р Фиданка Илиева да биде избрана во звање помлад асистент за наставно-научната област *микробиологија.***

**Рецензентска комисија**

**Д-р Илија Каров, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Саша Митрев, редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Верица Илиевска, вонреден професор, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРКЕСТРАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 2.12.2008 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Томе Манчев, ред. проф. на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател), доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член) и доц. м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

На Конкурсот, објавен во дневниот весникот „Дневник“ на 27.11.2008 година, за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област ***оркестрација*** се пријавија кандидатите:

- Гавриловски Гоце и
- Кимова Марија.

По разгледувањето на молбите и приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека првиот кандидат ги исполнува пропишаните услови, а вториот кандидат не ги исполнува во целост пропишаните услови, според Конкурсот, по што го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Гавриловски Гоце (1978 г.)** магистрира во 2007 година на Одделот за теорија на оркестрација на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на ред. проф. д-р Томе Манчев, со трудот *„Присутноста, улогата и употребата на музичките инструменти во Третата симфонија ‘Рустика’, оп. 58, на македонскиот композитор Властимир Николовски“* (на вкупно 164 страници). Првиот дел од постдипломските студии го завршува со трудот *„Условеност на оркестрацијата гледана низ призмата на музичките инструменти во музичкото дело ‘Болеро’ од Морис Равел“* (со вкупно 207 страници). Гавриловски дипломира на Одделот по композиција (петгодишни студии) при ФМУ во Скопје, во 2002 година, во класата на вон. проф. м-р Гоце Коларовски. Средното музичко училиште го завршува во Скопје, и тоа на два оддела: Музичка теорија и педагогија и Пијано во класата на Рита Трпчева-Поповиќ.

Во текот на студиите м-р Гоце Гавриловски посетува семинари по композиција во Македонија, на кои соработува со истакнати македонски и светски реномирани композитори: академик проф. Властимир Николовски, Гоце Коларовски, Томе Манчев, Ристо Аврамовски, Томислав Зографски, А. Шчетински, А. Радвилович, Е. Годибер, К. Швон и други.

Досега творештвото на композиторот м-р Гоце Гавриловски ги опфаќа скоро сите помали и поголеми музички форми, со вкупно 36 дела:

- ***Сонорни ефекти -*** за обоа и пијано (2005 г.)
- ***Птици чрчорки -*** за камерен ансамбл (2004 г.)
- ***Зуење -*** за мандолински оркестар (2004 г.)
- ***Концертна етида -*** за соло-фагот (2003/4 г.)
- ***Рој -*** за гудачки оркестар (2003 г.)
- ***Ветер -*** за флејта, обоа, хармоника и пијано (2003 г.)

- ***Циклус*** - за соло бас-кларинет (2003 г.)
- ***Модерна флејта*** - за соло флејта (2003 г.)
- ***Страв од...*** - за висок глас со claves, флејта, виолончело и пијано (2002/3 г.), дело нарачано од Сојузот на композитори на Македонија
- ***Фолклорна обредна ракатка*** - за симфониски оркестар а тре (2002 г.)
- ***Инсекти и птици*** - за гудачки квартет, 2 флејти и пиколо (2000/1 г.)
- ***Pizziccato*** - за гудачки квартет (2001 г.)
- ***Double Concertino*** - за камерен гудачки ансамбл, 2 солиста - кларинет и фагот (2001 г.)
- ***Игра*** - за виолина и пијано (2000 г.)
- ***Варијации*** - за камерен ансамбл (1999/2000 г.)
- ***8 хумористични варијанти*** - за камерен ансамбл - дувачки квинтет и удиралки (1999/2000 г.)
- ***Дует*** - за виолина и пијано (1998 г.) и поголем број на дела за соло пијано, за мешан и женски хор, соло песни и минијатури за различни инструменти.

Голем дел од овие дела се резултат на нарачки од Сојузот на композиторите на Македонија, како нивен редовен член, но и семинарите на кои композиторот м-р Гоце Гавриловски учествува. За дел од нив е добитник на изведби и дела снимени на конкурси за ЦД-ром: *„Место на дискот“* во 2000 година и делата *„Двојно кончертино“* и *„Неколку моменти пред почеток на концерт“* во 2004 година.

Покрај тоа, неговите дела се снимени и архивирани од Македонска радио-телевизија. Делата на Гавриловски се изведувани на бројни фестивали низ земјава: „Денови на македонска музика“, „Спопени садови“, „Хераклејски вечери“, „Штипско културно лето“ итн.

М-р Гоце Гавриловски е редовен член на Сојузот на композиторите на Македонија и на Собранието на ЗАМП.

Кандидатот м-р Гоце Гавриловски е вклучен во образовниот процес повеќе години, како наставник по пијано со повеќе од четири години работно искуство во воспитно-образовната дејност. Кандидатот м-р Гоце Гавриловски е избран како хонорарен наставник по предметите: Полифонија, Познавање на музички инструменти и Основи на оркестрација на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за учебната 2008/9 година по предлог на Наставно-научниот совет на Факултетот, а врз основа на исклучителните резултати од овие дисциплини во текот на неговите студии (додипломски и постдипломски).

Во текот на извршувањето на оваа дејност Гавриловски покажа висок степен на професионалност и стручност, особено во областа на оркестрацијата и полифонијата. Кандидатот покажува посебен интерес кон областа оркестрација, што се потврдува со неговиот магистерски труд. Во однос на студентите кандидатот покажува флексибилност, разбирање и спремност за соработка, што покрај стручноста секако претставува исклучително важен елемент за ликот на еден професор.

**Кимова Марија (1978 г.)** магистрира во 2006 година на Одделот за хармонија со хармонска анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. м-р Гоце Коларовски, со трудот *„Хармонијата на кантатата ‘Огледало’ од Стојан Стојков“*. Во текот на магистерските студии го изработува и трудот *„Хармонскиот плурализам на ‘Мајка себидна’“*. Кимова дипломира на Одделот за музичка теорија и педагогија (четиригодишни студии) при ФМУ во Скопје, во 2001 година. Средното музичко училиште го завршува во Штип на Одделот за теорија на музиката, во 1997 година.

Како работно искуство во биографијата на кандидатката е наведено нејзиното двегодишно раководење со музичка секција на КУД „Гоце Делчев“ во Валандово, дел од

организацијата и член на жири за Фестивал за забавни мелодии „Евро фест“ во Скопје. Кимова со свои текстови учествува и на две конференции во организација на ИРАМ при Факултетот за музичка уметност од Скопје, кои се публикувани во изданијата на ИРАМ.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатите и по извршениот увид во стручното ниво и творечката активност, со посебен акцент на наставно-научната дејност, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на ФМУ - Штип **да го избере кандидатот м-р Гоце Гавриловски за наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Томе Манчев, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент, член, с.р.**

**М-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент, член, с.р.**